# Срцето на Престон

## Го осигуруваме успешното работење на пазарот Preston Market во иднина. И создаваме жива, разнолика и поврзана заедница.




**Веќе 50 години пазарот Preston Market ѝ служи на локалната заедница како место каде што локалните жители доаѓаат за да го завршат своето неделно пазарување и да се сретнат со пријателите. Општина Даребин се залага да осигури дека неповторливата препознатливост на нашиот пазар како место каде што сите се добредојдени, каде што се пазарува и се негува разноликоста, ќе продолжи да постои и во иднина.**

Бидејќи локацијата се наоѓа во срцето на Престон, таа е близу до јавен превоз, услуги, образовни установи, работни места и отворени површини. Тоа значи дека локацијата е погодна за разнолико, поврзано соседство – а неговото создавање ќе помогне да се реши кризата со домувањето на тоа подрачје и ќе создаде нови возбудливи објекти за заедницата.

Прописите за градежно планирање за оваа локација во моментов ги разгледува Викторискиот орган за градежно планирање (Victorian Planning Authority - VPA) под раководство на министерот за градежно планирање. Во склоп на овој процес, органот VPA и Општинскиот совет на Даребин ги прибраа локалните гледишта преку сеопфатна програма за вклучување на заедницата. Органот VPA треба да обезбеди нацрт рамковен план подоцна во текот на оваа година, во кој ќе биде наведено што ќе содржат новите прописи за градежно планирање.

Пред да биде објавен тој план, Општинскиот совет на Даребин ги искористи мислењата добиени од заедницата и наодите од неодамна завршеното Проучување на пазарот за да го изработи документот *Срцето на Престон (The Heart of Preston)* со кој се настојува да се изразат заедничките очекувања на локалните жители и трговци во однос на иднината на оваа локација. Во него јасно се наведува што треба да се случи за да се осигури дека пазарот ќе продолжи успешно да работи и дека пошироката локација ќе биде средина што ќе овозможува пријатно, безбедно и одржливо живеење и работење.

**Ги повикуваме оние што ги донесуваат одлуките да ги направат следните работи:**

- **Да ги ценат** единствените одлики на пазарот каде што улиците и премините се покриени и служат како јавни површини, неговите бутки, тезгиња и дуќанчиња, и тие да станат составен дел од какви и да било градежни промени.
- **Да ги поддржат** трговците пред и во текот на какви и да било градежни промени, а и потоа.
- **Да направат** нови употребливи зелени површини што ќе се одликуваат со силни начела за одржливост, што ќе изгледаат одлично и што ќе ги подобрат изгледот, чувството и безбедноста на тоа подрачје.
- **Да обезбедат** социјална рамноправност на таа локација преку нови површини за заедницата, евтини живеалишта, општествени програми, објекти и можности за вработување.

А пред да се почне со каква и да било изградба, сакаме сопствениците со договор да се обврзат дека сегашното место и натаму ќе може да се користи како пазар.

**За да дознаете повеќе за иднината на локацијата Preston Market, на располагање ви се низа разновидни можности за добивање информации и на други јазици освен на англиски. Еве кои се тие можности:**

- Јавете се кај нашиот тим од Службата за услуги на клиентите (Customer Service) на 8470 8888 во кое и да било време меѓу 8.30 часот претпладне и 5.00 часот попладне од понеделник до петок
- Јавете се на повеќејазичната телефонска линија за да зборувате со некој на вашиот јазик: (03) 8470 8470
- Електронска пошта: mailbox@darebin.vic.gov.au
- Поштенска адреса: 274 Gower Street PRESTON VIC 3072
- TTY (за лица со оштетен слух): Телефонирајте на 133 677 и побарајте го бројот 03 8470 8888
- Служба Speak and Listen: Телефонирајте на 1300 555 727 и побарајте го бројот 03 8470 8888
- Служба за поврзување преку Интернет (Internet Relay): Поврзете се на Националната служба за поврзување National Relay Service - IP Relay и побарајте го бројот 03 8470 8888
- Преносни слушалки и лични засилувачи на слухот: Овие направи ги има во сите Центри за услуги на клиентите.